**Инфо билтен – јули 2023 година**



Крива Река, Крива Паланка

**Повици**

Месечен преглед на [повици за финансирање] на граѓански организации на Граѓанскиот ресурсен центар.

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави [повик за нови членови] кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Погледнете видеа за градење на капацитетите на граѓанските организации кои ги изготви Македонското здружение на млади правници во рамки на проектот Граѓанските организаиции во акција за климатските промени", а преку кои можете да

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП

CNVP Building a Greener Economic Environment

добиете информации за механизмите за учество во донесување одлуки, учество во креирање на законите, инспекциска постапка во животната средина, постапките за оцена на влијание врз животна средина, стратегиска оцена, интегрирани еколошки дозволи и слично. Сите 10 видеа се на овој линк.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Доколку имате потреба од помош и поддршка за изготвување писмено мислење или коментар, можете да се обратите до МЗМП преку формуларот на следниот линк.

**Еко-свест во Вевчани**

Еко-свест ќе учествува на 13-та македонска извиднички смотра во Крушево од 12 до 21 јули. На ова десетдневно кампување исполнето со акција, Еко-свест ќе понуду еко работилници, едукативни активности и филмски проекции за заштита на природата и климата. Се гледаме на смотра!

**Заштита на природа**

МЖСПП на порталот ЕНЕР има објавено Известување за почеток на процесот за подготовка на Нацрт - Закон за прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата. Според известувањето, до 14.07.2023 година би требало да е изготвен и објавен на ЕНЕР нацрт законот, по кој јавноста, вклучително и граѓанските организации имаат можност во рок од најмалку 20 дена, да доставуваат коментари, предлози, сугестии на веб-страницата на ЕНЕР.

**Води**

Еко-свест и Геобалканика ги мапираат каскадите на реката Пчиња и на нејзините притоки. Започнавме со Крива Река во Крива Паланка. Слободните реки со живи реки.

**Енергија**

Според новиот извештај од CEE Bankwatch Network, „Усогласи или затвори - 2023“, битолската термоелектрана ТЕЦ Битола е убедливо најзагадувачки индустриски капацитет во земјите од Западен Балкан. Оваа информација е повеќе од аламантна и бара соодветна акција.

**Активно граѓанство**

На панел дискусијата „Потрошувачите во срцето на енергетската политика“ организирана од Организацијата на потрошувачи на Македонија – ОПМ и Еко-свест се осврнавме на еден од најефикасните, а најзапоставени начини за справување и ублажување на климатските промени - енергетската ефикасност и можностите за потрошувачите.

Во рамки на скорешното издание на Стрип Трип Фестивалот во МКЦ во средината на јуни, го претставивме првиот македонски еко-стрип Тим-Еко, изработен врз база на

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

идејата на Еко-свест, сценариото на Давор Драмиќанин и уметничките вештини на Здравко Гиров.

**Медиуми**

Црпењето песок од реката Вардар го менува текот и коритото на реката, алармираат учесниците на Вардарската регата.

„Потрошувачите во срцето на енергетската политика" - енергетска ефикасност е еден од најуспешните, но и најзапоставени начини на справување и ублажување на климатските промени.

Според новиот извештај од „СЕЕ Банквоч нетворк" (CEE Bankwatch Network), „Усогласи или затвори – 2023", битолската термоелектрана е убедливо најзагадувачки индустриски капацитет во земјите од Западен Балкан.

**Разно**

Два нови видови гастроподи откриени во водите на изворите кај „Св. Наум", велат од Националниот парк „Галичица".

Колку државава успеа да ги зачува визиите и трудот на Драган Шојлевски, кој одамна ја наслика и замисли Македонија зелена, чиста и уредена? Прочитајте ја оваа сторија за првиот македонски министер за животна средина.

Тенискиот турнир во Вимблдон е во тек. Дали би сакале да дознаете колкав е јаглеродниот отпечаток на Вимблдон и дали мерките кои ги презема се доволни?

Кога ќе кажеме тревник, освен на Вимблдон, најчесто помислуваме на уредена зелена површина во нашиот двор. Но тревникот значи повеќе од тоа. Прочитајте го учебникот за тревници на Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ, сигурно зелената трева ќе ја гледате со сосема нови очи.

Во Стокхолм се најавува изградба на цел кварт од масивно дрво кој ќе понуди „спокојство какво во шума". Еве како проектантите го замислуваат овој архитектонски потфат.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.